РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-1647/2
16-06-2022 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 70-та седница, одржана на ден 09.06.2022 година донесе

**О д л у к а**

Пријавата заведена под број 12 - 1647/1 од 20.04.2021 година, со наводи во врска со неправилно работење во ЈЗУ Здравствен дом ----------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување по предметот, од причина што ДКСК веќе има постапено за случајот по пријава доставена во 2019 година.

Предметот со број 12 - 1647/1 од 20.04.2021 година да се затвори и да се архивира

Оваа одлука во деперсонализирана форма се објавува на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, на ден 20.04.2021 година, поднесена е пријава заведена под број 12 - 1647/1 од 20.04.2021 година, по однос на предмет по кој постапувала ДКСК а кој бил оформен по наводи против директорот на ЈЗУ Здравствен дом -----------, за неправилно работење и вршење на притисок врз вработено лице. Предметната пријава подносителот ја доставува како вработена во наведената здравствена установа која по однос на наведениот случај е засегната лично и професионално. Станува збор за предмет оформен во ДКСК по пријава доставена на 15.11.2019 година од страна на познат подносител, заведен под број 12-5219/1 од 15.11.2019 година, со наводи против директорот на ЈЗУ Здравствен дом ----------, ----------------------------------------, за неправилно работење и вршење на притисок врз вработено лице во финансиската служба заради исплаќање на надоместок за одвоен живот од семејството, што претставувало злоупотреба на вршење на јавни функции и остварување на лична корист за директорот, а на штета на вработениот и на буџетот на ЈЗУ.

Предметната пријава се доставува во врска со пријавата од 2019 година, поради тоа што подносителот чувствувал морална и професионална обврска лично да се обрати за случајот по кој постапувала ДКСК.

Подносителот образложува дека додека била вработена на работната позиција вршител на должност директор во предметната ЈЗУ истовремено била и на специјализација по специјалност вонболничка педијатрија но, дека за истото бил запознаен Управниот одбор и со негово одобрување продолжил да работи и како ВД директор на установата и со специјализацијата. Според подносителот, незаконски била донесена наредбата од 29.10.2020 година за враќање на средствата за надомест за одвоен живот за периодот додека ја извршувал функцијата ВД директор и незаконски и било одбиено 1/3 од платата, поради што доставила приговор.

Исто така, известува во врска со огласот кој бил распишан во ЈЗУ за избор на директор, на кој и подносителот бил еден од тројцатат кандидати како еднствен кандодат кој ги исполнувал условите но,

по кој оглас не била донесена одлука за избор од страна на Министерството за здравство, туку бил назначн нов ВД директор. За ова, подносителот покренал тужба до управен суд, од кој била донесена пресуда дека тужбата се отфрла и дека министерот илма дискреционо право да врши избор по оглас.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека ДКСК веќе има постапено по предмет со иста фактографија на наводи со предметните наводи, кој бил оформен по пријава заведена под број 12-5219/1 од 15.11.2019 година доставена до ДКСК од познат подносител, а по која на 42-та седница одржана на ден 27.11. 2020 година од страна на ДКСК, врз основа на утврдената фактичка состојба за случајот била донесена одлука со број 12-1220/15 од 01.12.2020 година. Со предметната Одлука одлучено е дека постапката по предметот оформен по доставената пријава се запира, ДКСК нема елементи за натамошно постапување во предметот, а до министерот за здравство доставено е известување со барање за негово надлежно постапување по однос на предметниот случај, а во насока на тоа да се преземат соодветни мерки и активности по однос на наведеното ненавремено постапување, како и за надминување на констатираните состојби во предметната ЈЗУ.

По однос на одлуката на ДКСК, на ден 08.03.2021 година пристигнато е известување од директорот на ЈЗУ ЗД --------------------, насловено до Кабинетот на министерот за здравство, а со кое се известува за преземени дејствија во врска со предметот оформен во ДКСК. Имено, против пријавеното лице било преземено дејствие и било донесено Решение за задолжување од 22.01.2021 година со кое лицето се задолжува да го врати неправилно исплатениот надомест за одвоен живот на сметката на здравствениот дом и уплатата да ја изврши во рок од 90 дена. Од страна на пријавеното/засегнатото лице била поднесена жалба на ова Решение до Државната комисија во втор степен.

Со оглед на сето погоре констатирано, ДКСК утврди дека во врска со предметниот случај ДКСК веќе има постапено по пријава доставена во 2019 година, се произнела по однос на сите предметни наводи и донесена е одлука по постапениот предмет, кој е со иста фактографија на наводи со предметните наводи, а воедно до министерот за здравство доставено е известување и барање за надлежно постапување за предметниот случај со донесената Одлука на ДКСК, по кое било постапено од надлежен орган и преземени се дејствија за надминување на констатираните состојби во предметната јавна здравствена установа. Оттаму, ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување на ДКСК по овој предмет и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Доставено: - до подносител

Изработил: Ј.Ц.